Врз основа на член 91, став 3 од Законот за животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14) изготвен е

# ЗАПИСНИК ЗА ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА ЗА СТУДИЈА ЗА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

Јавната расправа се одржа во просториите на општина Струмица на ден 19.02.2015 со почеток во 12:00 часот. Од Министерството за животната средина и просторно планирање и претставници од беа присутни г-дин Зоран Бошев, г-ѓа Билјана Спировска, и г-дин Суад Абази. Од страна на Консултантската Компанија „Нирас“-изготвувач на проектната документација и Студијата за оценка на влијание врз животната средина беа присутни, г-дин Аксел Транг Баек-тим лидер, г-ѓа Катарина Симоновска-проектен асистент, г-ѓа Менка Спировска-ОВЖС експерт и г-дин Кирил Кироски-експерт за животна средина. На јавната расправа присуствуваа заинтересирани граѓани, невладини организација, претставници на општината и локални медиуми.

Расправата ја водеше Зоран Бошев со следниот дневен ред:
1. Претставување на причината за одржување на јавната расправа
2. Претставување на учесниците;
3. Презентација на Студијата за оценка на влијанија врз животната средина
4. Дискусија по однос на Студијата за ОВЖС;
5. Затварање на јавната расправа.

По завршување на првите две точки збор и беше даден на г-ѓа Менка Спировска дипл. биолог-овластен експерт за оценка на влијанијата врз животната средина, да ја презентира Студијата за ОВЖС и социјалните аспекти за изградба на пречистителна станица за отпадни води во општина Струмица.
Презентацијата започна со опис на процедурата за оценка на влијание на проектот врз животната средина и содржината на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина.
Во текот на презентацијата беше даден посебен осврт на разгледуваните алтернативни опции, очекуваните влијанија врз животната средина од реализација на проектот и предвидените мерките за надминувања на истите.
По завршување на презентацијата беше отворена дискусија на која земаа збор присутните на јавната расправа.

**Г-дин Горан Чукарски, електро инженер:**
<u>Прашање/констатација:</u> Зошто е избрана баш таа технологија, зошто тињата не се користи за добивање биогас или компост, каде ќе биде складиран грубиот отпад од првата решетка?
<u>Одговор:</u>
**Г-ѓа Менка Спировска:** Во Студијата за ОВЖС, на отпадот е посветено внимание и во делот на отпад кој ќе се генерира во градежната фаза, но и во оперативната. За управување со отпадот кој ќе се јавува од самото работењето на идната пречистителна станица(во кој се вклучени сите типови на отпад, па и груби делови кои ќе стигнат со отпадната вода), предвидено е да се направи План за управување со отпадот од пречистителната станица (во конструктивна и оперативна фаза), каде покрај другото ќе се воспостави и динамиката и начинот на одлагање, отстранување, евентуална реупотреба/преработка и транспортирање на отпадот. Во оперативната фаза ПСОВ ќе биде управувана од ЈПКД „Комуналец" Струмица, кое ќе управува и со генерираниот отпад. Во оваа фаза не може да се предвидат типовите и количините на отпад, и поради тоа не може да се предвидат типовите на неговиот третман или повторна употреба. Баш заради тоа во Студијата, покрај другите мерки се предлага и мерка подготовка на План за управување со отпадот. На предметната локација има доволно простор за да се направи дел каде ќе се складира отпадот и понатаму да се справуваат со него.
**Г-дин Аксел Трангбаек:** Се надевам дека нема да кажам нешто за што ќе бидам погрешно разбран во врска со решетките за крупниот отпад. Се работи за решетки со пречник од 5 мм со кои се отстранува отпадот (пластика, тоалетна хартија), кој обично доаѓа со отпадната комунална вода и кој ќе биде во многу мала количина. Истиот ќе биде се отстранува со миење и компресирање на решетките. Во однос на селекцијата на процесот/технологијата, која ќе биде применета во идната ПСОВ, беа разгледувани 3 различни алтернативи, и со оглед на фактот дека ќе бидат опслужувани 53.000 е.ж, решението со искористување на биогасот е неисплатливо за оваа пречистителна станица. Такви решенија вообичаено се користат за станиц за 85.000-100.000 е.ж. за да биде исплатлива. Оваа таканаречена „нова технологија" е позната повеќе од 40 години. Тоа е причината поради која неможевме да ја избереме опцијата за искористување на гасот, едноставно не е исплатлива.
**Г-дин Зоран Бошев:** Ве молам да се задржиме на денешната тема, оценка на влијание на животната средина, затоа што изборот на технологијата не е предмет на денешнава расправа, бидејќи тоа е направено во согласност со барањата на националното и ЕУ законодавство и прифатено од Управнио комитет на Проектот (МЖСПП, Делегација на ЕУ во Р.М, Министерство за Финансии и Корисникот-општина Струмица). Технологијата е одбрана врз основа на досегашните искуства и достапните финансиски средства и секако се

одбира најповолна опција која ќе има минимални влијанија врз животната средина и секако соодветна финансиска оправданост.

**Г-дин Стојан Ефтимов, ЈКП „Струмица“ ги постави следните прашања:**
<u>Прашање/констатација:</u> Дали од податоците за постоечката состојба со реката Тркајна, најголемо влијание има исфрлањето на отпадните води од фекалната канализација или влијание има и од други извори врз квалитетот на водата?
<u>Одговор:</u>
**Г-ѓа Менка Спировска:** Има и други извори, не се само комуналните отпадни води, тука удел има и земјоделието, кое се одвива во сливот на реката, а и ерозивните процеси кои доаѓаат од горниот тек на реката Тркајна. Главните оптеретувања сепак се од комуналните отпадни води. Од ерозивните процеси главно имаме седиментација, од употребата на агрохемиски средства добиваме отпретување со пестициди, хербициди, метали. Иако нема тешка индустрија која генерира загадување, постои дел на субјекти кои се бават со производство на хемикалии, ѓубрива, кои иако не се во директен контакт со реката, по пат на измивања отпадните води индиректно ќе бидат интродуцирани и може да предизвикаат одредени загадувања.

<u>Прашање/констатација:</u> Дали по третманот на водата во ПСОВ ќе имаме значителна промена на квалитетот на реката Тркајна?
<u>Одговор:</u>
**г-ѓа Менка Спировска**: Да, квалитетот на реката ќе биде значително подобрен. Дополнително, веќе се во примена сите обврски кои произлегуваат за индустриските и стопанските капацитети, врз основа на Законот за животна средина секој треба да поседува или Интегрирана еколошка дозвола или Елаборат зазаштита на животната средина, кои содржат планови за управување со животната средина и мерки, кои се контролирани од Инспекторатот и веќе не може туку така да ги испуштаат своите отпадни води во површинските води или слободно на почвата. Исто така, од идната индустриска зона Сачево, отпадните води само со претходен третман ќе може да ги испушта во реципиентот. Можеби за 2-3 год. нема да се дојде до 100% резултати, но со примена на сите законски обврски за производителите и земјоделците ќе се добијат значителни позитивни промени.

**Ѓорѓи Малушев, Општина Струмица**
<u>Прашање/констатација:</u> Позитивни коментари во однос на ОВЖС и констатација дека ПСОВ ќе има позитивно влијание на биолошката разновидност на регионот и на Моноспитовско Блато. Прашање: Што ќе се случува со индустрискиот отпад од млекари, фабрики? Дали и нивните отпадни води ќе бидат третирани во оваа ПСОВ или во нивните Интегрирани

еколошки дозволи ќе имаат обврска за друг вид на пречистување. Дали ќе има мониторинг и кој ќе го врши и кој ќе ја информира јавноста?

**Одговор:**

**Г-ѓа Менка Спировска:** Обврската на сите оние кои испуштаат отпадни води е да имаат одреден пред-третман, по кој ќе може да ја испуштаат водата (со одреден квалитет) во колекторот за да се третира во идната пречистителна станица. Ќе има самостоен мониторинг, што е обврска на Комуналното Претпријатие, кое ќе управува со ПСОВ. Но, исто така мониторинг ќе прават и инспекциските служби, Локалната самоуправа има своја инспекциска служба и Државниот инспекторат за животна средина кој што ќе прави редовна инспекција. Сите овие информации се опфатени во Мониторинг планот на Студијата. Сите тие информации се јавни и треба да бидат објавени на страната на Општина Струмица.

По исцрпениот дневен ред, јавната расправа заврши во 13:30 часот.
Составен дел на овој записник е Списокот на присутни, даден во прилог.

Скопје 24.02.2015

Записникот го составил:
Зоран Бошев

# Preparation of Studies (FS, EIA, CBA), Design Documentation & Tender Dossiers for WW Collection & Treatment for Investment Projects in the Municipalities of Strumica, Bitola & Tetovo

EuropeAid/133257/D/SER/MK

**19th February, 2015, Strumica**

| No | Name and surname | Institution | Telephone | Mobile phone | E-mail Address |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Билјана Петкоска | МЖСПП | 076-455-427 | | bpetkoska@moepp.gov.mk |
| 2 | Зоран Бошев | МЖСПП | | 076-445-894 | zboshev@moepp.gov.mk |
| 3 | Kiril Kiroski | DEKONS EMA | 078/252-679 | | k.kiroski@ema.com.mk |
| 4 | Menka Spirovska | NIRAS | | 078/252-676 | m.spirovska@ema.com.mk |
| 5 | Suad Abazi | МЖСПП | | | suat-abazi@hotmail.com |
| 6 | Aksel Trangbaek | NIRAS | 02/322 5454 | | atr@niras.dk |
| 7 | Katerina Simonovska | NIRAS | 02/322 5454 | 070/365-926 | ksimonovska@davosinvest.com.mk |
| 8 | Angela Milevska | —//— | —//— | 072/274848 | angelam@davosinvest.com.mk |
| 9 | Aleksandar Chebotarev | Municipality of Strumica | 075 257 581 | chebo | chebotarev@strumica.gov.mk |

This Project is funded by the European Union

A Project is implemented by NIRAS and its consortium partners
Project contacts: Aksel Trangbaek, Team Leader
Address : 1000 Skopje, Boul. Ilinden 64-1/3
Tel : +359 886 771 953; +389 2 322 54 54
Fax: +389 2 322 38 82
E-mail : atr@niras.dk

NIRAS

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Георге Манушев | Општина | 076 206726 | | |
| 11 | Мите Цветков | Општина Струмица | 077 965 480 | | |
| 12 | Горан Чукарски | приватно лице | 070 253340 | | cukarski@t-home.mk |
| 13 | Горги Аризанов | Општина Струмица | 071/538-136 | 077/825-859 | arizanov86@gmail.com |
| 14 | Мицев Мите | Општина Струмица | 075-303-164 | | |
| 15 | Жарко Василев | Општина Струмица | 076-547-520 | | zare_vasilev@yahoo.com |
| 16 | Ирена Ристова | ООУ „Кирил и Методиј" Сачевиџе | 075/234-546 | | irena_ristova@yahoo.com |
| 17 | Ристо Сулев | ООУ „Маршал Тито" Струмица | 075/371-001 | | RISTOSULEV@YAHOO.COM |
| 18 | Никола Китановски | Оп. Струмица | 078/402-991 | | KITANOVSKINIK@YAHOO.COM |
| 19 | Горѓи Кантарџиев | Оп. Струмица | 071/798-688 | | djona29@hotmail.com |
| 20 | Душко Трајков | Граѓанин | 071 662 372 | | |
| 21 | Сашо Трендов | Граѓанин | 076-483-101 | | SASOTRENDOV@YAHOO.COM |
| 22 | Александар Ненчев | СОУ „Александар Влахов" | 078 205 923 | | |
| 23 | Борис Димитријев | Општина Струмица | 076/488-084 | | boris.dimitrijev@strumica.gov.mk |
| 24 | Гордица Уста-Петрова | Општина Струмица | 075 303-124 | | gordica46@gmail.com |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 25 | Томислав Андреев | Општина Струмица | 075 . 355 914 | | Tomislav_andreev @ yahoo.com |
| 26 | | | | | |
| 27 | | | | | |
| 28 | | | | | |
| 29 | | | | | |
| 30 | | | | | |
| 31 | | | | | |
| 32 | | | | | |
| 33 | | | | | |
| 34 | | | | | |
| 35 | | | | | |
| 36 | | | | | |
| 37 | | | | | |
| 38 | | | | | |
| 39 | | | | | |
| 40 | | | | | |